СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА
НАША БАНКА!

**СО 39. седница**
**22.2.2017 година**
**Точка на дневен ред бр.2**

# ОДЛУКА

## за именување членови на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, февруари 2017 година**

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола НО бр. 02-2482/I-2 од 26.3.2015 година (Пречистен текст), Собранието на Банката на својата 39. седница одржана на 22.02.2017 година, донесе

# ОДЛУКА
## за именување членови на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола

### член 1

За членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола со мандат од четири (4) години, се именуваат:

1. Господин Ненад Јосифовиќ, дипломиран правник – **член,**
2. Господин Дејан Панделески, магистер за европски студии по бизнис администрација во маркетинг – **член,**
3. Госпоѓа Александра Радевска, магистер по економски науки во областа на сметководство и ревизија – **член,**
4. Господин Стевчо Јолакоски, доктор на науки од областа на безбедноста- **член,**
5. Господин Кирил Митровски, дипломиран економист, **член,**
6. Господин Панче Нефтенов, дипломиран правник, **независен член,**
7. Господин Коста Костадиновски, дипломиран економист во областа на финансии и сметководство- **независен член.**

### член 2

На именуваните членови на Надзорниот одбор им се одобрува месечен паушал како надомест за учество и работа на седниците во висина од 50.000,00 денари.

На претседателот на Надзорниот одбор на Банката му се одобрува месечен паушал како надомест за учество и работа на седниците во висина од 60.000,00 денари.

### Член 3

На членовите на Надзорниот одбор што живеат надвор од седиштето на Банката, односно надвор од Битола, ќе им се исплатува и надомест во висина на трошоци за патување и сместување, по претходно приложени фактура или друга соодветна документација.

### Член 4

Пријава за упис на именуваниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар поднесува Секторот за правни работи и управување на Кабинет на Управен одбор.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање согласност од гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

**СО бр.** 02-3591/1/11-2
**Битола, 22.2.2017 година**

**Стопанска банка а.д Битола**
**Собрание на акционери**

**претседавач**

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 1

**Образложение**
**кон Одлуката за именување членови на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола**

Во согласност со член 67 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола НО бр. 02-2482/1-2 од 26.3.2015 година – пречистен текст, Надзорниот одбор на Банката се состои од 7 (седум) члена, од кои два члена се независни.

Моменталниот број на членови на Надзорниот одбор на Банката е 7 (седум) членови.

Со Одлука за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола, донесена на седницата на Собранието на Банката, одржана на 14.1.2015 година, СО бр.02-272/II-1 од 14.1.2015 година, г. Ненад Јосифовиќ, г-ѓа м-р Александра Радевска, г. м-р Дејан Панделески и г. Иванчо Велјановски се именувани за членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола, додека г. Панче Нефтенов и г. Коста Костадиновски се именувани за независни членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

Решенијата за издавање претходна согласност за именување член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола за членовите г. Ненад Јосифовиќ, г. Панче Нефтенов, г-ѓа м-р Александра Радевска, г. Коста Костадиновски и г. Иванчо Велјановски, се издадени за период од 2 (две) години и се со важност до 8.5.2017 година.

Решението за издавање претходна согласност за именување член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола за г. м-р Дејан Панделески е издадено за период од 2 (две) години и истото е со важност до 9.6.2017 година.

Со Одлука за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола, донесена на седницата на Собранието на Банката, одржана на 25.3.2015 година, СО бр.02-2383/II-14 од 25.3.2015 година, г. Кирил Митровски е именуван за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

Решението за издавање претходна согласност за именување член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола за г. Кирил Митровски е издадено за период од 2 (две) години и истото е со важност до 26.8.2017 година.

Во согласност со член 57 став 5 од Законот за банките, по барањето за издавање согласност за именување член на Надзорниот одбор на Банка, гувернерот донесува решение за издавање согласност во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето. Во рокот од 60 дена не се пресметуваат роковите кои ги определува гувернерот за комплетирање на поднесеното барање и периодот од поднесување барање од страна на гувернерот до надлежни домашни и странски органи и институции

за добивање документи и информации потребни за одлучување по барањето, при што од денот на поднесувањето на барањето до денот на одлучувањето на гувернерот по истото не можат да поминат повеќе од 120 дена.

Во согласност со член 390 став 5 од Законот за трговските друштва, акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на собранието на друштвото.

Во согласност со член 390 став 6 од Законот за трговските друштва, барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието коешто е свикано и/или предлагањето одлуки за усвојување се испраќа до органот на управување на друштвото, односно до свикувачот на Собранието назначен од судот во согласност со овој закон во рок од осум дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување седница на Собранието.

Во согласност со член 344 став 4 од Законот за трговските друштва, податоците за секој предложен член на Надзорниот одбор наведени во став 3 од истиот член, треба да им бидат достапни на акционерите најдоцна седум дена пред Собранието да пристапи кон избор.

Со цел пополнување на составот на Надзорниот одбор, како и подготовка и поднесување на целокупната документација потребна за добивање претходна согласност за именување член на Надзорен одбор на Банката, утврдена во дел IV од Одлуката за издавање согласности на НБРМ (Службен весник на РМ бр. 72/13) потребно е именување 7 (седум) членови на Надзорниот одбор.

Поради сето погоренаведено, се јавува потреба за донесување на предметната Одлука за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

**Стопанска банка а.д Битола**
**Надзорен одбор**

**претседател,**
**господин Ненад Јосифовиќ**

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 4